ФЕВРУАРИ–МАРТ 1980 ГОДИНА XXII БРОЈ 2-3

YUJSSN0034-0227

# РАЗГЛЕДИ

*АЛЕКСАНДАР АЛЕКСИЕВ:* РЕВОЛУЦИОНЕРОТ, ПАТРИОТОТ И ПОЕТОТ НИКОЛА ВАПЦАРОВ (1909-1942)
*ВЛАДИМИР КОСТОВ:* РАСТУРАЊЕ НА МАГИЈАТА
*ЈОВАН СТРЕЗОВСКИ:* ДЕВЕТ ПЕСНИ
*ИВИЦА ЦЕПАРОСКИ:* ПРОЛЕГОМЕНА КОН ГРАМШИЕВАТА ФИЛОЗОФИЈА НА ПРАКТИКАТА
*КРСТЕ ЧАЧАНСКИ:* КОСТАДИНКА
*ГОРАН БАБИЌ:* КАКО СЕ УЧИ ЉУБОВТА
*БРАНКА НИКОЛИЌ:* ХОРОВИ КОМПОНИРАНИ НА ТЕКСТОВИ ОД ПЕСНИ НА КОЧО РАЦИН
*ИВАН ИВАНОВСКИ:* ОТКРИВАЊА (I)

простори на зборот

*ОДИСЕАС ЕЛИТИС:* ПЕТ ПЕСНИ
*ПАСКАЛ ГИЛЕВСКИ:* ТРИУМФОТ НА ОДИСЕАС ЕЛИТИС

сведоштва

*МАНОЛ ПАНДЕВСКИ:* НАЦИОНАЛНОТО ПРАШАЊЕ ВО МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ОД КРАЈОТ НА XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК

преведен есеј

*КВЕНТИН БЕЛ:* КРИТИЧАРОТ НА УМЕТНОСТА И ИСТОРИЧАРОТ НА УМЕТНОСТА

критички фрагменти

*КАТИЦА ЌУЛАВКОВА:* ПОИМОТ И ПОЕЗИЈАТА
*ЦВЕТАН ГРОЗДАНОВ:* СРЕДНОВЕКОВНИОТ ЖИВОПИС ОД МАКЕДОНИЈА ВО СТУДИЈАТА НА ВОИСЛАВ Ј. ЃУРИЌ ЗА ВИЗАНТИСКИТЕ ФРЕСКИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА
*ЛИЛЈАНА НЕДЕЛКОВСКА:* ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ
*ТРАЈАН ВИТЛАРСКИ:* СТИЛСКАТА СИНТЕЗА И ПРАГМАТИЧНАТА НАСОЧЕНОСТ ВО ТВОРЕШТВОТО НА МАКЕДОНСКИОТ МОНУМЕНТАЛИСТ БОРКО ЛАЗЕСКИ
*ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ:* ЦРТЕЖОТ ВО МАКЕДОНИЈА 1979Г.
*МИРОСЛАВ МУШИЌ:* МЕТАЛОТ И СТАКЛОТО НА ТОМЕ АНДРЕЕВСКИ
*НАСО БЕЌАРОВСКИ:* БИБЛИОГРАФИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

– Скопје –

РАЗГЛЕДИ

СПИСАНИЕ ЗА ЛИТЕРАТУРА УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

**Уредуваат**

Драган БОЈАЏИЕВ, Благоја ИВАНОВ (главен и одговорен уредник), Србо ИВАНОВСКИ, Данило КОЦЕВСКИ (заменик главен уредник) и Борис ПЕТКОВСКИ

**Издавачки совет**

Димитар СОЛЕВ (претседател), Томе АНДРЕЕВСКИ, Цветан ГРОЗДАНОВ, Љупчо ДИМИТРОВСКИ, ВУКОСАВА ДОНЕВА, Љубомир ЈАКИМОВСКИ, РИСТО КАЛЧЕВСКИ, Матеја МАТЕВСКИ, Димче НИКОЛЕСКИ, Божидар НАСТЕВ, Михаил РЕНЏОВ, Веле СМИЛЕВСКИ, *ДУШАН ТОМОВСКИ* Милан ФИРФОВ Стево ЦРВЕНКОВСКИ и Вера ЧЕЈКОВСКА

лектор: Димче Биљановски

коректор: Бранислав Грковски

Излегувањето на списанието е овозможено од материјалната поддршка на Републичката заедница за културата.

---

**Редакција и администрација**

91000 Скопје ул. „Иво Рибар-Лола“ бб (поранешна зграда на Ложилница, спроти фабриката „Алумина“) тел.: 226–965
Пошт. фах 345, чековна сметка бр. 40100–678–7246
Годишна претплата 200,00 дин., полугодишна 100,00 дин., одделен број 20,00 дин., двоброј 40,00 дин. Годишна претплата за странство 400,00 дин., полугодишна 200,00 дин. одделен број 40,00 дин., двоброј 80,00 дин.
Редактирањето на бројот заклучено на 20.02.80 год.
Ракописите не се враќаат

Печатено во РО НИП „Нова Македонија“, ООЗТ Печатница – Скопје
Тираж: 1000 примероци

# ЦРТЕЖОТ ВО МАКЕДОНИЈА ВО 1979

*(Кон изложбата на цртеж во НУБ „Климент Охридски“ во Скопје, одржана од 6-18 декември 1979 година)*

Како и досегашните, така и оваа изложба нецелосно и разновидно го презентира македонскиот цртеж. Меѓутоа, фактот што во овој домен сè поубедливо се појавуваат одредени движења, кои репрезентативно го вклопуваат македонскиот современ цртеж во југословенски рамки, ја наметнува потребата од постудиозно приоѓање кон оваа ликовна дисциплина. Нејзиното издвојување, теоретско обработување и презентирање не одеше во чекор со постигањата во цртежот, за што имаше и објективни причини, но не може да се каже ни дека премногу чекавме на тоа, имајќи ги предвид барем југословенските прилики. Тоа покажува колку е комплексно прашањето, што го потврдува и фактот дека со него, како најнепосредно средство за изразување, се постигнувани вон некои периоди поразновидни резултати, и посмели експерименти, покрај тоа што цртежот ги следи главните правци, движења и развој во сликарството, скулуптурата и друго. Проблемот на неговото историско систематизирање, класифицирање и валоризирање се усложнува со тоа што повеќе автори што работеле цртеж како подготовка за завршно дело, го работеле и како автономна ликовна дисциплина: за нив тој значел продолжение на основната ликовна преокупација во сликарството, скулптурата, таписедријата, графиката, или како ликовна дисциплина во применетата уметност.

За развивање на цртежот како посебна ликовна дисциплина, заслуга имаат неколку југословенски манифестации што со самото свое редовно организирање го поставуваат цртежот во рамноправен однос со другите ликовни дисциплини; поради тоа не е потребно повеќе да се инсистира и укажува на овој момент. Тоа се следните изложби: Првото триенале на југословенскиот цртеж организирано во Сомбор во 1963 година, во Риека во 1968 година се организира Првата меѓународна изложба на оригинален цртеж, а во Загреб од 1967 година, во организација на Кабинетот за графика при ЈАЗУ, се приредуваат изложби на југословенскиот цртеж.

На овие, како и на други југословенски изложби, каде што цртежот е проблемски обработен во секции, забележано учество земаат и некои македонски уметници (9 есенски салон во Бања Лука и други).

Првиот постудиозен обид за систематизирање, обработка и презентирање на цртежот кај нас е направен во 1967 година, со изложбата „Аспекти на цртежот во Македонија“ во Музејот на современата уметност во Скопје. Бо-

рис Петковски, автор на предговорот, во каталогот за изложбата во општиот дел паѓа од потребата „за кумулирање на секаков вид информации и документи" што со стручно систематизирање треба да станат „пристапни" за стручно научна заинтересираност" за поттикнување на „одделни теоретски проучувања и обопштувања во врска со сложената материја, каква што е современата македонска ликовна уметност". Со таа цел се пристапило и кон тоа прво презентирање на современиот македонски цртеж, што значи согледување на тогашната ситуација и предлагање прв чекор во реализирањето на потребата од една ваква изложба и обработка.

Се набележуваат основните развојни етапи, по децении и периоди, и стилски карактеристики присутни во современата македонска уметност во повоениот период, што се „неразделно поврзани со сè она што е карактеристичен белег и за тековите на нашето сликарство и скулптура". Одделно внимание му е посветено на секој од 27 учесници.

Во 1969 година ДЛУМ ја организира изложбата „Цртежи, гвашеви и акварели, а почнувајќи од 1975 година НУБ „Климент Охридски" во Скопје редовно ги организира годишните ДЛУМ-ови изложжи на цртеж. Во каталогот за годинашната изложба е објавен текстот на Соња Абациева Димитрова, која се обидува да ја утврди генезата и значењето на цртежот во пошироки рамки, истакнувајќи ја притоа комплексноста на оваа материја, со предлог за нејзино обработување во два дела. Првиот дел – „Хронолошко-истириски и документарен преглед низ кој се следи процесот на генезата, развојот на цртежот", содржи конкретизирање и обид за валоризирање на одделни историски периоди, движења и автори. Во вториот дел на осврртот, што се однесува на македонскиот цртеж, како што вели авторот на текстот, „ќе се задржиме само на оние создавачи по 1945 г. кои, аналитички, систематски и консеквентно се вградуваат во структурата на неговата историја, оставајќи ни цртежи како завршено дело, со јасен авторски знак и современ пристап, придонесувајќи за неговиот автономен растеж и афирмација". Списокот на одделно обработените автори што следува секако дека треба да си го најдат своето адекватно место во историјата на современиот македонски цртеж; меѓутоа, во тој приоритетен список не се застапени некои значајни имиња во македонскиот цртеж. Нивното споменување во првиот дел на осврртот се чини дека е недоволна компензација за нивната улога што ја имаат во овој домен. Имајќи ги предвид и посочените критериуми при изборот на авторите, сепак останува нејасно отсуството на некои автори. Притоа, секако дека не е доволно да се констатира учество на речиси сите ликовни уметници во генезата на македонскиот цртеж; туку еден ваков преглед, и под претпоставка дека е скица или обид за куса историја на современиот македонски цртеж, требало да содржи еден попроверен метод на валоризирање и систематизирање на одделна содржина и автори. Како главно мерило секогаш служело мерилото на вредноста, при што секое одделно пројавување во одреден историски момент може индивидуално и квалитативно да зборува за времето и за авторот, кој е во состојба да антиципира движење или стилски особености што би дошле до израз во наредниот период. Значи, пред сè квалитет, а потоа и квантитет и доследност во негувањето на изразот. Што се однесува до авторите од најстарата и поранешната средна генерација, кон нив може да се има подефиниран став со оглед на временската дистанца и на завршените творечки процеси кај некои од нив. А извесните квалитети и индивидуални изрази ја имаат моќта на универзално присутни вредности не само во една средина.

За илустрација ќе го споменам отсуството само на неколку ликовни уметници, а ги има секако повеќе, без кои не може да има каков било поцелосен историски преглед на современиот македонски цртеж. *Никола Мартиноски* прв му обезбеди југословенска афирмација на современиот македонски цртеж со своите оригинални, експресионистички цртежи, *Димитар Аврамовски-Пандилов* создале деликатни импресионистички цртежи, *Борко Лазески* навести еволуција во посткубистичка насока, *Родољуб Анастасов*, автор од помладата генерација, кој во 1967 г. во Нови Сад ја имаше отворено запазената изложба на цртежи и кој сè уште мошне успешно негува деликатен цртеж на современи теми, или *Стефан Маневски* кој негува посебен свет на симболични, составени од механички елементи претстави во цртежот, кој во последно време доживува извесни метаморфози, во ликовна и техничка смисла. И тоа се завршени цртежи, кои доследно и истрајно се вклопуваат во историјата на современиот македонски цртеж.

Ваквите обиди се секако пожелни и се своевиден придонес кон теоретската обработка на ова прашање, а едновремено укажуваат на комплексноста на проблемот што треба и натаму истрајно, поцелосно и без предрасуди да се обработува.

На годинашнава изложба превладува фигуративниот начин на изразување што подразбира повеќе стилски определувања, а застапени се и автори кои доследно го негуваат апстрактниот или нефигуративен начин на изразување. Не ретко се среќаваат дела што повеќе се доближуваат кон сликарството, што само го збогатува цртежот со нови ликовни средства и изразни можности. За тоа се заслужни дел од помладата средна и најмлада генерација македонски ликовни уметници, кои во цртежот внесоа извесна свежина и разновидност.

Предмет на творечката опсервација на *Родољуб Анастасов* се масовните сцени што се одигруваат во урбаниот амбиент, видени од необична висина и агли на посматрање, што заедно со начинот на работа упатува на извесна филмичност и драматичност на неговата визија.

*Васко Ташковски* во конципирањето на своите фантастични претстави премногу внимание му обрнува на детаљот, додека *Кирил Ефремов* користи еден вид „илустративен“ надреализам во интерпретирањето современи теми.

*Глигор Чемерски* е изразит цртач-експресионист кој на бојата ѝ дава рамноправна улога во создавањето еден бизарен но убедлив свет, користејќи препознатливи форми во изразувањето на внатрешните содржини.

*Симон Шемов* се стреми кон духовна и пластична чистота и наивност, давајќи ѝ соодветно место на играта со употреба на поп-артистички елементи и извесен концептулизам во изразувањето.

*Александар Иваноски-Карадаре* група разни ликови истражувајќи ја нивната индивидуална психологија, *Кирил Гегоски* го претвора пејзажит во едноставни, синтетизирани хроматски површини, а *Насо Беќаровски* се обидува на едноставен начин да илустрира свои размислувања на актуелни теми. *Александар Ристески* го преточува видувањето на пределите во експресионистичка целина, додека *Ангел Гавровски* на пореалистички и едноставен начин сугерира некои расположби.

*Димитар Малиданов* го естетира мотивот, *Менде Ивановски* на пословоден начин претставува еден манастирски мотив, а *Тане Атанасовски–Гарски* не води толку грижа во третирањето на својот необичен свет за чистотата на боените потези.

*Рубенс Корубин* негува солиден класичен цртеж, останувајќи во затворениот свет на интимната и носталгично потсетување на старите мајстори. *Илија Пенушлиски* во своите цртежи на предели повеќе отколку во сликите, на едноставен начин сугерира необична, потенцијална драматичност. *Жарко Јакимовски* открива убедливи цртачки способности што повеќе доаѓаат до израз во решавањето на геометриските површини и асоцијативни форми од органско потекло, на нивниот формален аспект, отколку што преку нив сугерира некаква појасно дефинирана содржина или дух во мотивот.

Од претставниците на фигуративното претставување застапени се уште следните автори со некои интересни остварувања меѓу нив: Ставре Аврамовси, Димитар Кочовски, Данка Петровска, Ангел Петров, Павле Кузмановски, Боро Крстевски, Милош Коцоман, Васил Костов, Стеван Василевски, Борислав Талевски, Ацо Филиповски и Георги Цапев.

*Стеван Маневски* со сигурност се движи во тонски решениот цртеж на соодноc меѓу два одделни пластични сегменти. *Цане Јанкулоски* внесува повеќе детали во биоморфните форми, а *Таки Павловски* останува на своите едноставни, таинствени решенија.

*Доне Милјановски* понудува мошне интересни и сугестивни решенија спроведувајќи одреден систем во цртежите што формално потсетува на таписедијата.

Цртежот на *Кочо Фидановски* е пример за тоа до каде може да се дојде во техниката и изразот, имајќи за мотив некакви магли, облици и слично. Тој со извонредна прецизност и систематичност во работата постигнува внатрешна тензија и флуидност во изразот и доживувањето. Тој повеќе сугерира отколку што прикажува.

*Трајче Димчевски* негува препознатлив и повеќе асоцијативен цртеж, *Јозо Бошковски* се задржува на интензивниот и непрекинат-спонтан ракопис, додека *Драгољуб Бежан* со едноставната асоцијативна форма варира игра на повеќе решенија.

*Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ*

СПИСАНИЕ ЗА ЛИТЕРАТУРА
УМЕТНОСТ И КУЛТУРА
ФЕВРУАРИ – МАРТ
1980 БР. 2–3

РАЗГЛЕДИ

СОДРЖИНА

*АЛЕКСАНДАР АЛЕКСИЕВ:* РЕВОЛУЦИОНЕРОТ, ПАТРИОТОТ И ПОЕТОТ НИКОЛА ВАПЦАРОВ (1909-1942) ........ 135
*ВЛАДИМИР КОСТОВ:* РАСТУРАЊЕ НА МАГИЈАТА ........ 147
*ЈОВАН СТРЕЗОВСКИ:* ДЕВЕТ ПЕСНИ ........ 159
*ИВИЦА ЦЕПАРОСКИ:* ПРОЛЕГОМЕНА КОН ГРАМШИЕВАТА ФИЛОЗОФИЈА НА ПРАКТИКАТА ........ 162
*КРСТЕ ЧАЧАНСКИ:* КОСТАДИНКА ........ 181
*ГОРАН БАБИЌ:* КАКО СЕ УЧИ ЉУБОВТА ........ 188
*БРАНКА НИКОЛИЌ:* ХОРОВИ КОМПОНИРАНИ НА ТЕКСТОВИ ОД ПЕСНИ НА КОЧО РАЦИН ........ 197
*ИВАН ИВАНОВСКИ:* ОТКРИВАЊА(I) ........ 204

простори на зборот

*ОДИСЕАС ЕЛИТИС:* ПЕТ ПЕСНИ ........ 220
*ПАСКАЛ ГИЛЕВСКИ:* ТРИУМФОТ НА ОДИСЕАС ЕЛИТИС ........ 227

сведоштва

*МАНОЛ ПАНДЕВСКИ:* НАЦИОНАЛНОТО ПРАШАЊЕ ВО МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ДО КРАЈОТ НА XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК ........ 230

преведен есеј

*КВЕНТИН БЕЛ:* КРИТИЧАРОТ НА УМЕТНОСТА И ИСТОРИЧАРОТ НА УМЕТНОСТА ........ 239

критички фрагменти

*КАТИЦА ЌУЛАВКОВА:* ПОИМОТ И ПОЕЗИЈАТА ........ 260
*ЦВЕТАН ГРОЗДАНОВ:* СРЕДНОВЕКОВНИОТ ЖИВОПИС ОД МАКЕДОНИЈА ВО СТУДИЈАТА НА ВОИСЛАВ Ј. ЃУРИЌ ЗА ВИЗАНТИСКИТЕ ФРЕСКИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА ........ 264
*ЛИЛЈАНА НЕДЕЛКОВСКА:* ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ ........ 270
*ТРАЈАН ВИТЛАРСКИ:* СТИЛСКАТА СИНТЕЗА И ПРАГМАТИЧНАТА НАСОЧЕНОСТ ВО ТВОРЕШТВОТО НА МАКЕДОНСКИОТ МОНУМЕНТАЛИСТ БОРКО ЛАЗЕСКИ ........ 274
*ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ:* ЦРТЕЖОТ ВО МАКЕДОНИЈА ВО 1979 281
*ЗАТВОРЕНИОТ СВЕТ НА ИНТИМАТА И СОЛИДНИ НАВЕСТУВАЊА* .. *285*
*МИРОСЛАВ МУШИЌ:* МЕТАЛОТ И СТАКЛОТО НА ТОМЕ АНДРЕЕВСКИ ........ 286
*НАСО БЕЌАРОВСКИ:* БИБЛИОГРАФИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ ........ 289